РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 09-809/5
29-05-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава од познат подносител, на 30 – тата седница второ продолжение, одржана на ден 21.05.2020 година донесе

**ОДЛУКА**

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против службените лица ------ и -----, просветни инспектори, бидејќи веќе се постапува по истите наводи од пријавата во други два предмети.

Предметот со број 09-809/1 од 26.02.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-809/1 од 26.02.2019 година е оформен по достава на електронска пријава од -----, против службените лица -------- и --------, просветни инспектори, со наводи дека истите лица вршеле редовен или вонреден инспекциски надзор во универзитетите каде се вработени нивни блиски лица без да се изземат.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет и разјаснување на определени прашања поврзани со наводите во пријавата, согласно член 26 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, членот на Државната комисија м-р Владимир Георгиев го повика --------- на ден 29.03.2019, во просториите на Државната комисија.

Лицето -------- зборуваше за неговото работно искуство, а воедно истакна дека бил и професор на Државниот Универзитет Тетово, по што повторно го образложи тоа што го има наведено во самата пријава против просветните инспектори --------- и ---------.

Државната комисија за спречување на корупцијата постапуваше по предмет бр. 09-4223/1 од 10.09.2019 година, со наводи за постоење на состојба на судир на интереси кај лицето -------, по издадено задолжение бр. 09-468/1 од 05.06.2019 година од страна на директорот на Државниот просветен инспекторат, на ден 06.06.2019 година извршил вонреден инспекциски надзор на Државниот универзитет во Тетово, со цел да се утврди целокупната постапка за избор во наставно – научни звања на -----, ------- и ------, по што биле изработени Записници од истиот вонреден инспекциски надзор со бр. 09-1629 од 10.06.2019 година, бр. 09-1636 од 11.06.2019 година и бр. 09-1637 од 11.06.2019 година.

Во насока на утврдување на фактичка состојба во конкретниот случај, Државната комисија побара информации и документација од Државниот просветен инспекторат и согласно член 26 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија го повика лицето -------на

средба во просториите на ДКСК, заради разјаснување на определени прашања во врска со донесување на одлука од страна на Државната комисија од своја надлежност по овој предмет и со цел давање изјава на лицето ------ по однос на утврдување на роднинските врски со лицето ------- , вработена како асистент на Правниот факултет при Државниот универзитет во Тетово.

По разгледување на доставената документација од страна на Државниот просветен инспекторат и по одржаната средба на ден 22.07.2019 година, во просториите на Државната комисија, помеѓу членовите на ДКСК и лицето -------, Државната комисија констатира дека, лицето ------ во својство на државен просветен инспектор, извршил вонреден инспекциски надзор на ден 06.06.2019 година на Државниот универзитет во Тетово, каде е вработена неговата ќерка -------, блиско лице согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а потврдено од негова страна со поднесена писмена изјава, по што се изработени записници под наведените броеви.

Државната комисија смета дека при извршувањето на вонредниот инспекциски надзор од страна на лицето ------ е настаната состојба на судир на интереси, бидејќи службеното лице имало приватен интерес што може да влијае врз непристрасното вршење на неговата службена должност, по што истото лице било должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес и за тоа да го извести својот претпоставен согласно член 72 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а доколку се сомневал за постоењето на судир на интереси во конкретниот случај, лицето е должно да побара мислење од Државната комисија согласно член 72 став 3 од истиот закон.

Имено, лицето ------- не постапило ни согласно член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно не побарал да биде изземен од вршење на вонредниот инспекциски надзор на Државниот универзитет во Тетово, иако постои реална ситуација која укажува на постоење на судир на интереси, со тоа што негово блиско лице е вработено на истиот универзитет, по што продолжил и не запрел со своето постапување.

При ваква фактичка состојба, Државната комисија констатира дека лицето -------- постапило спротивно на член 72 и член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а во врска со член 17 став 2 од Етичкиот кодекс на инспекторите.

Државната комисија смета дека, постапувајќи на овој начин наведеното службено лице ги повредило и начелата на законитост и интегритет при извршување на своите службени должности согласно член 3 став 1 и 2 и член 4 од ЗСКСИ.

Поради наведените причини, Државната комисија достави Иницијатива за поведување постапка за одговорност на службеното лице ------- - раководител на сектор за инспекциски надзор и оценување на квалитетот во предучилишно, основно, средно, високо и друго образование со бр. 09-4233/4 од 21.09.2019 година до Инспекцискиот совет на РСМ, затоа што при вршење на вонреден инспекциски надзор во Државниот универзитет во Тетово на ден 06.06.2019 година, не постапил согласно член 72 и член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, како и член 17 став 2 Етичкиот кодекс на инспекторите.

Инспекцискиот совет на РСМ ја извести Државната комисија со Известување бр. 09-250/1 од 15.01.2020 година, дека од нивна страна е доставено Барање за поведување на дисциплинска постапка против државниот просветен инспектор --------, по што Комисијата за водење на дисциплинска

одговорност донесе Одлука за утврдување на дисциплинска одговорност со бр.16-558/45 од 11.12.2019 година, во која утврди дека државниот просветен инспектор ------- е дисциплински одговорен дека сторил дисциплински престап од член 19-а став 2 алинеја 7 од Законот за инспекциски надзор, но не ја предложил едногласно единствената дисциплинска мерка – одземање на лиценца бидејќи смета дека сторената повреда не е од таков карактер за да се изрече истата, која пак Инспекцискиот совет ја разгледа и прифати.

На седницата одржана на ден 07.02.2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија констатира дека по доставената Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност на службеното лице --------, Државната комисија нема законски основ за понатамошно превземање на мерки и активности согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што донесе Одлука со бр. 250/2 од 12.02.2020 година предметот со број 09-4223/1 од 10.09.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Во однос на службеното лице --------, Државната комисија постапува по друг предмет со исти наводи како во конкретната пријава и по донесување на конечна одлука од страна на Државната комисија ќе биде известен подносителот ------- и одлуката ќе биде објавена на веб страната на ДКСК.

На седницата одржана на ден 18.05.2020 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија констатира дека веќе се постапува по истите наводи од пријавата во други два предмети.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Биљана Ивановска**

Изработил: Кате Здравкоска, советник
Одобрил: м-р Владимир Георгиев, член на ДКСК